**ЗАПИСНИК**
**од 01-та седница на Советот**
**одржана на 13.01.2011 година**

**Присутни членови на Советот:** Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, проф. д-р Томе Груевски, Бранко Радовановиќ, м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов и Столе Наумов.

**Отсутни:** акад. Али Алиу (најавено отсуство)

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, Арбен Саити, Слободан Беличански, Симона Темелкова, Магдалена Давидовска – Довлева, Горан Радуновиќ, Милаим Абдураими, Хари Митрикески Клекачкоски и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

Претседателот на Советот, Зоран Стефаноски ја отвори 01-та седница на Советот за радиодифузија. На почетокот на седницата предложи да се додаде уште една точка во Дневниот ред, под реден број 2, која се однесува на Правилникот за изрекување и извршување на мерките кон радиодифузерите поради непочитување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, подзаконските акти и дозволата за вршење радиодифузна дејност (бр.03-899/1 од 14.04.2008 година).

Исто така предложи под точката Разно, да се додадат уште три точки и тоа: Информација од работниот состанок со претставници од Министерството за култура, одржан во просториите на СРД, Понуда од Агромеханика за дополнителна просторија, која ќе биде искористена за потребите на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторските и сродните права и Одлука на СРД за отстапување на дел од опремата која не се користи, за потребите на локалната ТВ Кристал од Корча, Албанија.

Советот ги прифати предлозите за дополнување на Дневниот ред и за седницата едногласно беше усвоен и утврден следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Усвојување на Записникот од 25-та седница на Советот за радиодифузија на РМ, одржана на 15 декември 2010 година.
2. Правилник за изрекување и извршување на мерките кон радиодифузерите поради непочитување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, подзаконските акти и дозволата за вршење радиодифузна дејност (бр.03-899/1 од 14.04.2008 година).
3. Извештаи од мониторингот на програмата на ТРД А1 Телевизија, реализиран на 15 ноември и 3 декември 2010 година.
4. Извештаи од мониторингот на програмата на ТРД ТВ Сител, реализиран на 15 ноември и 3 декември 2010 година.
5. Извештаи од мониторингот на програмата на ТРДТВ Канал 5, реализиран на 15 ноември и 3 декември 2010 година.
6. Извештаи од мониторингот на програмата на ТРД Телма, реализиран на 15 ноември и 3 декември 2010 година.
7. Извештаи од мониторингот на програмата на ТРД Алсат-М, реализиран на 15 ноември и 3 декември 2010 година.
8. Извештај од мониторингот на програмата на ТРД ТВ ПИНК 15, реализиран на 28 декември 2010 година.
9. Информација од Експертскиот форум на тема "Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите", одржан на 23.12.2010 година.
10. Разно.

**Точка 1**

М-р Алма Машовиќ имаше конкретна забелешка за Записникот од 25-та седница на Советот за радиодифузија на РМ одржана на 15.12.2010 година. Имено членот на Советот, м-р Алма Машовиќ, на 25-та седница кога се разгледуваа Извештаите од мониторингот на ТРД ТВ А1, ТРД ТВ Сител, ТРД ТВ Канал 5, ТРД Телма и ТРД Алсат-М, реализирани на 15 ноември 2010 година, поради големиот број констатирани прекршоци, предложи, да се организираат поединечни состаноци (работилници) со одговорниот уредник и со директорот на маркетинг на овие телевизии, на кои тие ќе бидат дополнително обучени за правилна примена на Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти донесени од страна на Советот за радиодифузија на РМ, со цел во иднина да не ги прекршуваат. Советот ја прифати забелешката, а останатите точки од Записникот беа усвоени во целост како што беа и предложени.

**Точка 2**

Советот го разгледа Правилникот за изрекување и извршување на мерките кон радиодифузерите поради непочитување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, подзаконските акти и дозволата за вршење радиодифузна дејност (бр.03-899/1 од 14.04.2008 година). Претседателот на Советот, Зоран Стефаноски објасни дека овој Правилник е донесен во 2008 година и конкретно го разработува член 38 од Законот за радиодифузната дејност. Неговиот став е дека со овој Правилник, Советот е ограничен при донесување одлуки за изрекување на мерки кон радиодифузерите, поради непочитување на одредбите од Законот и условите утврдени со дозволата за радиодифузна дејност. Побара Советот да го разгледа и да донесе одлука со која Правилникот ке се стави вон сила.

Членот на Советот, Столе Наумов, со конкретни примери ги посочи одредените слабости кој ги содржи Правилникот за изрекување и извршување на мерките кон радиодифузерите поради непочитување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, подзаконските акти и дозволата за вршење радиодифузна дејност. Како член на Совет, предложи Правилникот да се стави вон сила, затоа што не е функционален и затоа што членот 38 од Законот е јасен и ги задоволува можностите за изрекување мерки.

Членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов во целост се согласи со предлогот, односно рече дека доколку Правилникот пречи во работата на Советот односно не е соодветен, да се стави вон сила. Во меѓувреме постои член 38 од Законот кој Советот не го попречува во донесување одлуки за изрекување мерки.

Членот на Советот, м-р Алма Машовиќ, предложи членот 38 од Законот по потреба да се доработи или прошири во рамките на самиот Закон, така да ќе нема потреба од донесување на нов Правилникот за изрекување и извршување на мерките кон радиодифузерите поради непочитување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, подзаконските акти и дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека како член на Совет, за него е многу важно одлуките за изрекување мерки кои ќе ги донесе Советот да бидат во согласност со Законот за радиодифузната дејност. Доколку Советот смета дека Правилникот не е во функција, ќе го прифати предлогот тој да биде ставен вон сила.

Советот едногласно донесе одлука да се стави вон сила Правилникот за изрекување и извршување на мерките кон радиодифузерите поради непочитување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, подзаконските акти и дозволата за вршење радиодифузна дејност (бр.03-899/1 од 14.04.2008 година). Советот го задолжи Секретаријатот на Советот одлуката да ја објави во "Службен весник на РМ".

**Точка 3, 4, 5, 6, 7 и 8**

**Дискусија**

Советот, поединечно ги разгледа Извештаите од мониторингот на ТРД ТВ А1, ТРД ТВ Сител, ТРД ТВ Канал 5, ТРД Телма, ТРД Алсат-М реализирани на 15 ноември и 3 декември 2010 година и Извештајот од мониторингот на ТРД ТВ ПИНК 15 - реализиран на 28 декември 2010 година и отвори заедничка дискусија.

Претседателот на Советот, Зоран Стефаноски објасни дека со Извештаите од мониторингот, изработени од Секторот за програмски работи, уште еднаш се потврди констатацијата дека медиумите не ги почитуваат одредбите на Законот и прописите донесени врз основа на овој Закон. Медиумите и понатаму прават прекршоци, така да со најголем број прекршоци се ТВ А1 и ТВ Канал 5, додека со најмал број на прекршоци, односно медиуми кои во голема мера ги почитуваат законските одредби се ТВ Телма и ТВ Алсат М. Предложи, Советот, за сите прекршувања на Законот за радиодифузната дејност, за секој медиум поединечно, да им се изрече една мерка, во зависност од зачестеноста, тежината и бројот на прекршоците.

Членот на Советот, Столе Наумов рече дека во врска за констатираните прекршоци има свои конкретни согледувања и предлози, кој што нема да бидат усогласени во целост со Правилникот, односно со предлог мерките доставени од Секторот за правни работи. Во тој поглед, членот на Советот, Столе Наумов за секој Извештај од реализираните мониторинзи, за секој медиум поединечно достави свои предлози за изрекување на можни мерки. Тие беа во зависност од зачестеноста и тежината на прекршокот. Негово лично убедување е дека казнената политика треба да биде стимулативна, да ги мотивира радиодифузерите а не само репресивна. Во таа насока ќе бара обуката (работилниците) за правилна примена на Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти донесени од страна на Советот за радиодифузија на РМ да биде континуирана, не само со нивно присуство тука, туку со постојани контакти, телефонски, писмени и сл. со одговорните луѓе во медиумите. Посочи на одредени слабости со кои се соочуваат и самите медиумите во смисла на кадровската структура, односно луѓето кои се поставуваат во медиумите на раководни места не се постојани, често има измени, а со тоа се и многу малку упатени во тоа што го работат. За да се избегнат сите недоразбирања и прекршоци кои ги направиле, комуникацијата мора да биде што почеста и посилна. Предложи, во соработка со раководителот на Секторот за програмски работи, Емилија Јаневска, да се побара мислење од Министерството за здравство за одредени лекови кои се рекламираат, како на пример лекови за лекување на карциномни болести, дали е дозволено нивното рекламирање, од причина што неможе толку лесно да се излекува болниот со одреден вид на карцином.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, побара од Секторот за програмски работи во иднина да биде навремено и целосно информиран за сите активности што се во врска со работата на секторот. Предочи Советот да поведе сметка и за локалните телевизии кои не ги исполнуваат ни елементарните услови а сепак зрачат во етерот. Што се однесува за мерките кои треба да ги изрече Советот, се изјаснии дека е многу поголема штета што ќе ја доживее медиумот доколку му се изрече времена мерка за забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден, затоа би се одлучил со прекршочна, парична, казнена мерка.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов изненаден е за прекршувањата на одреден број медиуми а за пофалба се пак други медиуми кои во голема мера ги почитуваат одредбите од Законот. Го подржува претседателот на Советот да се соберат прекршоците и да се изрече една мерка за сите прекршувања. Но оние медиуми кои имаат најголем број на прекршоци да им се изрече и прекршочна (парична казна).

Заменикот на претседателот м-р Милаим Фетаи се согласи да се изрече една мерка, која ќе биде во зависност од зачестеноста и тежината на прекршоците. Освен да се лоцираат прекршоците Советот треба да успее и да им укаже на радиодифузерите во

иднина да не ги повторуваат грешките. Што се однесува до квалитативната изработката на Извештаите од мониторингот, подготвени од Секторот за програмски работи, рече дека се солидно и прецизно изработени. Достави и еден предлог, односно да се направи увид и проверка на телевизиите кои ја емитуваат својата програма преку сателит, колку тие ја почитуваат програмската шема која ја имаат доставено во Советот, како и телевизиите на локално ниво вклучувајќи ги и радијата на национално ниво. При констатирањето на прекршоците, предложи посебно да се поведе сметка дали гледачите се материјално оштетени, мислејќи на телефонските услуги со посебна тарифа. Исто така и за заштитата на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој.

Советот, по конструктивната дискусија донесе одлука на секој медиум поединечно да изрече една мерка, во зависност од бројот на прекршоците и нивната тежина и тоа:

**Точка 3**

Советот ги усвои Извештаите од мониторингот на програмата на ТРД А1 Телевизија, реализиран на 15 ноември и 3 декември 2010 година, и едногласно одлучи на ТРД А1 Телевизија поради:

- прекршување на Член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата);
- прекршување на Член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма);
- прекршување на Член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува);
- прекршување на Член 83 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување програми на странски јазици непреведени на македонски јазик);
- прекршување на Член 94 став 4 од Законот за радиодифузната дејност (во реалниот час кога се емитува телешопинг прозорец не е дозволено емитување на рекламни спотови, телешопинг спотови, како и други форми на рекламирање);
- прекршување на Член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување прикриено рекламирање);
- Непочитување на Правилникот за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на радио и телевизиските програмски сервиси -

Советот донесе одлука да и се изрече мерката: Времена забрана за рекламирање и телешопинг од три дена.

Во рамките на одлуката да биде наведено: ТРД А1 Телевизија да ја спроведе мерката во рок од 30 дена и да го извести Советот за радиодифузија во рок од 8 дена по приемот на одлуката за деновите кога ТРД А1 Телевизија ќе ја спроведе мерката.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да организира поединечни состаноци (работилници) со одговорниот уредник на ТРД А1 Телевизија и со директорот на маркетинг на ТРД А1 Телевизија, на кои тие ќе бидат дополнително обучени за

правилна примена на Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти донесени од страна на Советот за радиодифузија на РМ, со цел во иднина да не ги прекршуваат.

**Точка 4**

Советот ги усвои Извештаите од мониторингот на програмата на ТРД Сител Телевизија, реализиран на 15 ноември и 3 декември 2010 година, и едногласно одлучи на ТРД Сител Телевизија поради:

- прекршување на Член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика (предупредувачкиот сигнал што укажува на категоријата играна програма не е емитуван пред почетокот на програмата);
- прекршување на Член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (промотивните најави за играната програма не се обележени со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува);
- прекршување на Член 94 став 4 од Законот за радиодифузната дејност (емитување телешопинг прозорец и реклами во еден реален час);
- прекршување на Член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитот за рекламирање на еден реален час);
- прекршување на Член 98 став 2 од Законот за радиодифузната дејност – (изложување производи чие име и марка се видливо истакнати);
- прекршување на Член 3 од Правилникот за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на радио и на телевизиските програмски сервиси – (несразмерност на информациите за телефонскиот број и за вкупната цена на телефонската услуга;);

Советот донесе одлука да ѝ се изрече мерката: Времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден.

Во рамките на одлуката да биде наведено: ТРД ТВ Сител да ја спроведе мерката во рок од 30 дена и да го извести Советот за радиодифузија во рок од 8 дена по приемот на одлуката за деновите кога ТРД ТВ Сител ќе ја спроведе мерката.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да организира поединечни состаноци (работилници) со одговорниот уредник на ТРД ТВ Сител и со директорот на маркетинг на ТРД ТВ Сител, на кои тие ќе бидат дополнително обучени за правилна примена на Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти донесени од страна на Советот за радиодифузија на РМ, со цел во иднина да не ги прекршуваат.

**Точка 5**

Советот ги усвои Извештаите од мониторингот на програмата на ТРД ТВ Канал 5, реализиран на 15 ноември и 3 декември 2010 година, и едногласно одлучи на ТРД Канал 5 Телевизија поради:

- прекршување на Член 87 став 2 од Законот за радиодифузната дејност („Рекламирањето и телешопингот треба да бидат вистинити и чесни, да не ја заведуваат јавноста и да не се против интересите на купувачите, односно корисниците на услугите“);
- прекршување на Член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност – (прикриено рекламирање);
- прекршување на Член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 13 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува);

- прекршување на Член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (погрешен временски период на емитување);
- прекршување на Член 96 став 1 алинеја 2 од Законот за радиодифузната дејност (бесплатно емитување);
- прекршување на Член 5 став 1 точка 2 од Правилникот за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на радио и телевизиските програмски сервиси (телевизиски квиз со ниска продукциска вредност, со користење телефонска услуга со посебна тарифа емитувана пред 17.00 часот);

Советот донесе одлука да ѝ се изрече мерката: Времена забрана за рекламирање и телешопинг од три дена.

Во рамките на одлуката да биде наведено: ТРД ТВ Канал 5 да ја спроведе мерката во рок од 30 дена и да го извести Советот за радиодифузија во рок од 8 дена по приемот на одлуката за деновите кога ТРД ТВ Канал 5 ќе ја спроведе мерката.

Советот одлучи против ТРД ТВ Канал 5 да се поведе прекршочна постапка пред надлеженот суд поради:
- прекршување на Член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитот за рекламирање на еден реален час).

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да организира поединечни состаноци (работилници) со одговорниот уредник на ТРД ТВ Канал 5 и со директорот на маркетинг на ТРД ТВ Канал 5, на кои тие ќе бидат дополнително обучени за правилна примена на Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти донесени од страна на Советот за радиодифузија на РМ, со цел во иднина да не ги прекршуваат.

**Точка 6**

Советот ги усвои Извештаите од мониторингот на програмата на ТРД Телма, реализирани на 15 ноември и 3 декември 2010 година, и едногласно одлучи на ТРД ТВ Телма да и се упати укажување поради:
- прекршување на Член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување прикриено рекламирање)
- прекршување на Член 96 став 1 алинеја 2 од Законот за радиодифузната дејност (бесплатно емитување);
- прекршување на Член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (погрешен временски период на емитување);
- прекршување на Член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (предупредувачкиот сигнал не се емитува за време на програмите);
- прекршување на Член 106 став 1 од Законот за радиодифузната дејност и член 3 став 2 од Правилникот за начинот на идентификација на спонзорите во радио и ТВ-програмите (неозначен спонзор);
- прекршување на Член 74 став 2 од Законот за радиодифузната дејност (обврска за 30% вокално – инструментална музика на македонски јазик);

Да ѝ се наложи на ТРД ТВ Телма да го објави Укажувањето на својата програма во рок од 30 дена и да го извести Советот за радиодифузија во рок од 8 дена по приемот на Укажувањето за денот кога ќе биде објавено.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да организира поединечни состаноци (работилници) со одговорниот уредник на ТРД ТВ Телма и со директорот на маркетинг на ТРД ТВ Телма, на кои тие ќе бидат дополнително обучени за правилна

примена на Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти донесени од страна на Советот за радиодифузија на РМ, со цел во иднина да не ги прекршуваат.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да следи дали е објавено укажувањето на ТРД ТВ Телма и да го извести Советот за тоа.

**Точка 7**

Советот ги усвои Извештаите од мониторингот на програмата на ТРД Алсат-М, реализиран на 15 ноември и 3 декември 2010 година, и едногласно одлучи на ТРД Алсат М да и се упати укажување поради:

- прекршување на Член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува);
- прекршување на чл. 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата);
- прекршување на Член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување на програма што може да нанесе штета на малолетниците);
- прекршување на Член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување прикриено рекламирање);

Да ѝ се наложи на ТРД АЛСАТ М да го објави Укажувањето на својата програма во рок од 30 дена и да го извести Советот за радиодифузија во рок од 8 дена по приемот на Укажувањето за денот кога ќе биде објавено.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да организира поединечни состаноци (работилници) со одговорниот уредник на ТРД АЛСАТ М и со директорот на маркетинг на ТРД АЛСАТ М, на кои тие ќе бидат дополнително обучени за правилна примена на Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти донесени од страна на Советот за радиодифузија на РМ, со цел во иднина да не ги прекршуваат.

Исто така Советот го задолжи Секторот за програмски работи да следи дали е објавено укажувањето на ТРД АЛСАТ М и да го извести Советот за тоа.

**Точка 8**

Советот го разгледа и усвои Извештајот од мониторингот на програмата на ТРД ТВ ПИНК 15, реализиран на 28 декември 2010 година, и одлучи на ТРД ТВ Пинк 15- да и се упати укажување поради:

- прекршување на Член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и Член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување визуелно предупредување во текот на нивното времетраење);
- прекршување на Член 74 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик);
- прекршување на Член 74 став 2 од Законот за радиодифузната дејност (најмалку 30% од емитуваната вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик).

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да организира поединечни состаноци (работилници) со одговорниот уредник на ТРД ТВ Пинк 15- и со директорот на маркетинг на ТРД ТВ Пинк 15-, на кои тие ќе бидат обучени за правилна примена на Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти донесени од страна на Советот за радиодифузија на РМ, со цел во иднина да не ги прекршуваат.

**Точка 9**

Советот ја разгледа и усвои Информација од Експертскиот форум на тема "Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите", одржан на 23.12.2010 година.

**Точка 10**

**Разно**

- Советот ја усвои Информацијата за Работниот состанок со претставниците на Министерството за култура на Република Македонија кој се одржа на иницијатива на споменатото Министерството, во просториите на Советот за радиодифузија на Република Македонија, на ден 28.12.2010 година.

Од Министерството за култура присутни беа: Фатмир Зулфиќари и Сабина Синан од Секторот за управен и инспекциски надзор. Од Советот за радиодифузија: Столе Наумов, член на Советот, Андриана Скерлев – Чакар, раководител на Стручната служба на Советот, Цветанка Митревска, раководител на Секторот за правни работи, и Слободан Беличански, раководител на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторските и сродните права.

Дневниот ред се состоел од две точки и тоа: Прашањето за тоа кој орган е надлежен за покренување на прекршочни постапки против операторите на јавни комуникациски мрежи, во случај на нивно постапување спротивно на член 82 став 2 од Законот за радирадиодифузната дејност и Други прашања од интерес за двете страни.

- Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторските и сродните права, според постојниот Акт за систематизација, има 5 (пет) вработени. Во моментов, едниот виш соработник е ангажиран во Секретаријатот на стручната служба на Советот, а едниот соработник, во Правниот сектор. Поради недостаток на еден заеднички деловен простор/канцеларија, Претседателот на Советот, Зоран Стефаноски, предложи да се изнајми уште еден канцелариски простор од Агромеханика, за да би можел Секторот да биде сместен и да работи во една просторија.

Советот едногласно го усвои предлогот.

- Советот донесе одлука да ѝ ја донира на Телевизија Кристал од Корча, Албанија следната своја опрема:
- Компјутерски Switch-ови кои СРД не ги користи, во исправна состојба, 5 парчиња:

3COM 24 портен swich (S/N 0101/LV50308167688)
BASELINE 24 портен swich
COMPAQ ETHERNET HUB 24 портен
Air live swich (2 парчиња)

- Видеорекордери, кои СРД не ги користи, во исправна состојба , 6 парчиња (3 JVC, 3 Panasonic):

JVC SR-L910E (S/N 14730144)
JVC SR-L910E (S/N 14730135)
JVC SR-L910E (S/N 14730145)

PANASONIK S-VHS NV-HS1000
PANASONIC S-VHS NV-HS1000  (S/N K7KD00129)
PANASONIC S-VHS NV-HS1000  (S/N 17KD00655)

- PC кој е веќе раздолжен, во исправна состојба, 1 парче (Компјутер Compaq Descpro и Monitor Compaq V55)
- ХП Ласерџет 5л , кој СРД не го користи, во исправна состојба 1 парче
- Работни столици, кои СРД не ги користи, 8 парчиња
- ТВ апарати, со мал екран, кои СРД не ги користи, во исправна состојба,4 парчиња

AIWA A145
JVC TM-A14PN (2 парчиња)
PORTABLE TV 37 CM AIVA 145

- Видео-касети  (MAXELL 240 минути) 100 парчиња
- Фотокопир апарат NASUATEK 3715 кој СРД не го користи, 1 парче (во неисправна состојба) и сортер за хартија.
- ИНКЏЕТ принтер Lexmark 320, кој СРД не го користи, 1 парче (во неисправна Состојба

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ја подготви одлуката.

**Бр. 02-37/13**
**21.02.2011 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**Зоран СТЕФАНОСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**